Макс
# Либерман
Макс
# Слефогт
Ловис
# Коринт
Max
# Lieberman
Max
# Slevogt
Lovis
# Corinth

## Графики од германски импресионисти

Музеј на современата уметност, Скопје
*Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia*
13. V - 10. VI 1997

**Изложбата е организирана**
**во соработка со Гете Институтот**
***The exhibition is organized***
***in collaboration with the Goethe Institut***



*Макс Слефогт,*
*Портрет на виолинистот Андреас Вајсгербер, 1922*

Макс Либерман/*Max Liebermann (1847-1935)*
Макс Слефогт/ *Max Slevogt (1868-1932)*
Ловис Коринт/*Lovis Corinth (1858-1925)*

*Податоците за уметниците се користени од:*
*Enciklopedija likovnih umjetnosti,*
*Leksikografski zavod, Zagreb*

## МАКС СЛЕФОГТ

Четири години работи на академијата во Минхен во класата на реалистот В. Диез. Едновремено ги студира и старите мајстори, и особено Рембрант, но блиски му се и размислувањата на сликарите од кругот на В. Лајбл. Платната од таа фаза, особено портретите, се градени во темно кафени тоналитети. 1889 година оди во Париз и работи на Академијата Жилиен. Се запознава со делата на француските импресионисти во кои, пред се , ги открива можностите за слободно ликовно изразување. По патувањата низ Холандија 1900 година престојува во Франкфурт, каде освен портрети и пејзажи, создава многубројни слики и студии на животни во зоолошка градина. Тука Слефогт гради сопствен израз, обележан со најслободен третман на формата, бојата и светлината; карактеристична е доминацијата на остри хроматски контрасти и вознемирени контури и површини. 1901 година, на покана на М.Либерман, доаѓа во Берлин и се приклучува на сецесионистите. Во следните години се по нагласени се настојувањата за реализирање на силна светлосна атмосфера (пејзажи од Химзе); тука, Слевогт го оствари оној свој карактеристичен импресионистички израз, што Е. Валдман го дефинира како мајсторска сликарска импровизација и игра на мечтаењето. Распламтената светлина кулминира во неговите масла создадени на патувањата по Египет во очи на Првата светска војна во која беше испратен на фронт како воен сликар. Од 1917 година, како професор на академијата во Берлин, ја води мајсторската класа. Во маслата обработува разновидна тематика - фигури, портрети, композиции (потполно индивидуално и неконвенционално третирани мотиви од легендите, поезијата, Библијата, театарот и др.), пејзажи, анималистички студии и мртви природи. голема слобода на својата фантазија и дава особено во графиката; владеејќи ги суверено техниките (дрворезот, бакрописот, литографијата), создава, пред се во илустрацијата, свој специфичен израз, кој во подоцнешната фаза се приближува кон експресионизмот.



*Ловис Коринт, Лежечки женски акт, 1915*

## ЛОВИС КОРИНТ

Значаен уметник на германското сликарство во периодот на преминот од импресионизмот кон експресионизмот. На неговиот развиток влијаат постарите мајстори (Питер Пол Рубенс), француските реалисти (Ж.Б.Лепаж) и импресионисти (Е.Мане). Во немирна и еклектичка потрага по сопствениот израз минува низ неколку фази, од кои е карактеристична фазата во очи на Првата светска војна, кога беше на чело на берлинската сецесија. Претставува сликарски темперамент со јаки емоции наклонет кон патетиката, колорист, кој со широки намази на контрастни бои се стреми кон пластично обликување. Во сестраната тематика (митолошка, библиска фигурална композиција, портрет, пејзаж, мртва природа) се истакнуваат неговите актови и остро карактеризирани портрети (Герхард Хауптман, Георг Брадес, Едуард Кејсерлинг) како и серијата автопортрети. Во подоцнешната фаза ја смирува палетата, постигнувајќи смирувачка хармонија во приказните на германските предели и мртви природи со цвеќе. Претчувствувајќи ја смртта - (14 години живеел парализиран) во своето творештво внесува елементи на нестварно, сенишно и визионерско. Нагласувањето на остринатa на контурите и смислата за гротеска особено доаѓа до израз во неговата графика. Ги илустрирал делата на Гете, Шилер, Свифт (Патувањата на Гуливер), Балзак и др. Неговиот придонес во сецесијата претставува компонента која влијаела врз формирањето на германскиот експресионизам. За уметноста пишува - критички и полемички.

## МАКС ЛИБЕРМАН

Од 1878 до 1884 работи во Минхен, потоа во Берлин каде што останува до крајот на животот како главен претставник на берлинската сликарска школа и продолжувач на традицијата на А. Менцел. Тука започнува како натуралист, за да му се приближи во дваесеттите години на импресионизмот близок до Менеовата ориентација. Во периодот кога импресионизмот станува авангардистичко движење. Либерман станува (1899) претседател на берлинската ´Сецесија´. Подоцна е централна личност на кругот 'Kunst und Kunstler", околу П.Касир. До доаѓањето на нацистите на власт во 1933., претседател е на Пруската академија.Со неговата ориентација кон Курбе и Миле (речиси натуралистичко прикажување на работниците, патетично нагласена осаменост на човекот во монументалната природа, дојде до пресврт во традиционалниот германски академизам- ја менува тематиката и односот кон објектот, но ја запазува скалата на темни бои. Неговиот реализам е посуров од оној на Курбе и Миле; темите на неговите дела и нивниот начин на прикажување во големите композиции, предизвикуваа револт кај критиката и публиката; делата што ги создаде во тој период му го донесоа и прекарот ´апостол на грдото´. Поместувањата во начинот на сликањето настануваат после неговите редовни престои во Холандија: во своите дела внесува елементи од атмосферата на холандските сликари на пејзажи и ведути. Сега, палетата ја прочистува и осветлува и се открива и како колорист. Неговата најдолга и последна развојна фаза датира од почетокот на Првата светска војна; од 1914 почнува да ги слика мотивите од својата градина во Вамс покрај Берлин како и сцените од спортските натпревари. Палетата уште повеќе се прочистува, додека импресионистичката постапка станува подоследна отколку онаа на неговите истомисленици Л.Коринт и М. Слевогт, и покрај тоа што кај Либерман е поочевидна и посилна концентрацијата врз емотивните и симболичните компоненти отколку кај француските импресионисти. Во порттретите (од почетокт на неговата ликовна афирмација, до последните години), Либерман останува доследен на принципот со пиктурални средства да го долови психичкиот израз на моделот. Неговото сликарство го следат и еднакввредни цртежи: од кондензиран цврст цртеж изведен на Милеовски начин, преку фазата на доближување до Е.Дега, се до сопствениот специфичен израз, Либерман се служи со цртеж и бакропис како средства за бројни варијации на своето сликарско сиже. Напишал голем број студии и есеи за одредени личности и прашања кон кои чувствувал особен афинитет. Неговата уметничка репутација и долгогодишен креативен ангажман, го поштедеа (како Евреин) да биде ставен на листата на нацистичкиот попис на авторите на "изопачената уметност".



*Макс Либерман, Автопртрет, 1913*

*Издавач:*
*Музеј на современата уметност, Скопје*
Одговорен уредник:
*Зоран Петровски*
Ликовно обликување:
*Стефан Георгиевски*
Печат:
*"Принтпоинт"*
Тиража: 200